**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 22.8.2017 година**

**Скопје, август 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 22.8.2017 година**

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори и д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваше и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Мухамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа (в.к.в.), д-р Гајур Кадриу, директор на ЈП „Македонијапат“ – Скопје (в.к.в.), Драган Мартиновски, директор на АД Македонска банка за поддршка на развојот (в.к.в.), Љубиша Ристиќ, директор на АД

Македонски железници „Транспорт“  - Скопје (в.к.в.), Драган Миновски, директор на АД ЕЛЕМ (в.к.в.), Александар Петровски, директор и Роберта Теова, претставник на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ – Скопје, Марија Бошковска – Јанковски, директор на Централен регистар на Република Македонија и Данаил Дончев и Орхан Рамадани, директори на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (в.к.в.).

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда и Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција
  - Информација за статус на реализација на План 3-6-9

- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ

  - Информација за можностите за барање итна помош за справување и санирање на штетите од пожарите во август 2017 година

  - Информација за поднесување дополнителна Апликација за техничка помош за проектот „Изработка на техничка документација на ниво на Инфраструктурен проект и Основен проект за автопатско решение за државен пат А4, делница клучка Стенковец – Граничен премин Блаце“, во рамки на Осумнаесеттиот отворен повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF)

  - Информација за искористеност на ИПА

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1. Информација за статусот на Проектот за унапредување на системот на контрола на акцизни добра во малопродажба

2. Финансиски извештај за работењето на ЈП „Македонијапат“ - Скопје, за период од 1.1 до 31.3.2017 година

3. Барање нафтени деривати без надомест од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог - одлука

4. Годишен извештај за работењето на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје во 2016 година

5. Информација за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“, „50% попуст за ученици и студенти“, „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“, „Средношколска среда“ и „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“, за јуни 2017 година

6. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јули 2017 година

7. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со локалитетите Лавци, Звегор - Стамер, Стар Истевник - Панчерево и Пискупштина

8. Информација за Годишен финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2016 до 31.12.2016 година, Завршна годишна сметка за 2016 година, со Ревизорски извештај, со предлог-одлуки

9. Извештај за работа на Централниот регистар на Република Македонија за 2016 година

10. Извештај за извршена ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Централниот регистар на Република Македонија за 2016 година и Годишната сметка за 2016 година

11. Информација за проектот „Контрола на здравствените установи од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со цел еднаков квалитет на здравствена услуга за секој граѓанин секаде во Македонија“, со Акциски план

12. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Тетово

13. Информација и барање согласност авторското дело (резба) да биде подарено и поставено во просториите на ИКАО во Монтреал

14. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во катастарот на недвижности и Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Оператор на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје

**б) економски систем и тековна економска политика**

15. Информација за статусот на реализација на преостанатите барања и иницијативи на посетените компании во рамки на проектот „Учиме од бизнис заедницата“- сите пет циклуси на посети на компании, заклучно со 12.7.2017 година

16. Извештај за завршени преговори за изменување на Протоколот 2 од Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција

**в) политички систем**

17. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи

18. Предлог-закон за ратификација на Договорот од Париз

19. Предлог - закон за рестриктивни мерки

20. Информација за програмата и приоритетите на Естонското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија

21. Информација за потребата од изготвување национална стратегија за соработка со дијаспората 2018-2023

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

22. Предлог-програма за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија за 2017 година

23. Информација за формирање на Меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги, со Предлог – одлука

24. Информација за трансформација на ЈЗУ Здравствената станица Липково во ЈЗУ Здравствен дом Липково

25. Информација по доставено барање за одобрение за основање приватна установа за деца - Центар за ран детски развој ,,Среќно детство“ – Скопје, со Предлог – одлука

26. Информација за потребата од донесување на Одлука за давање трајно користење недвижни ствари на Министерството за труд и социјална политика и Одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање трајно користење недвижни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, со предлог-одлуки

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

27. Предлог - одлука за давање право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Аеродром

**б) политички систем**

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

28. Предлог - одлука за престанок и за давање трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп

29. Предлог - одлука за престанок и за давање трајно користење движни ствари на Казнено поправна установа Затвор - Прилеп

30. Предлог - одлука за престанок и за давање трајно користење движни ствари на Град Скопје

31. Предлог - одлука за давање согласност на конкурсите за запишување студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид во академската 2017/2018 година

32. Предлог - одлука за давање согласност на конкурсите за запишување студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитетот во Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во академската 2017/2018 година

33. Предлог - одлука за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

34. Предлог - финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2017 година и Предлог-одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење енергетски дејности и годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давање водни услуги за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2017 година

35. Барање за давање автентично толкување на член 9 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки, поднесено од градоначалникот на Општина Куманово

36. Барање за давање автентично толкување на членот 42-а став 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 и 150/2010), поднесено од пратеникот Соња Мираковска

37. Барање за давање на автентично толкување на член 27, став 5 и 6 и член 28, став 1 од Изборниот законик , поднесено од пратеникот Африм Гаши

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

38. Иницијатива за оценување на уставноста на член 84-а став 6 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014,

33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015 и 30/2016), поднесена до Уставниот суд на Република Македонија, од Игорчо Точев од Кочани

39. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.62/2017, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 20 став 2 во делот: „за претседател и член на спогодбениот совет може да биде именувано лице со завршено високо образование од правна или економска струка“ од Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2014)

40. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на: Заклучоците изнесени под точката 35 од Записникот, донесени од Владата на Република Македонија на 142-та седница одржана на 24.6.2013 година и Одлуката број 02-522/3, донесена од Управниот одбор на Јавната установа Национален парк - Галичица на 2.9.2013 година, поднесена од Еколошкото здружение на граѓани „Фронт 21/42“ од Скопје

41. Известување од извршител Снежана Андреевска за Заклучок за втора усна јавна продажба, под И бр.20/17

42. Известување од извршител Крум Коцарев за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) и Заклучокот за определување проценител кој ќе врши процена на недвижност ( врз основа на член 176 став (1) од Законот за извршување ) под И бр. 1093/14

43. Понуда од нотар Насер Зибери за продажба на недвижен имот,со Имотен лист бр.12388 за КО САРАЈ на КП 10396 на КП 10396 викано место /улица „Сарај “

44. Известување од нотар Иљхам Исмани за договор за размена на недвижен имот на кој сопственик е Република Македонија, со Имотен лист бр.1764 и Имотен лист бр.1631 за КО Инџиково на КП 316

45. Понуда за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.6873 за КО Драчево 2 на КП 2734, место викано Локва, од нотар Ирфан Тахири од Скопје

46. Понуда за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.42213 за КО Прилеп на КП 17945, место викано Б.Талески, од нотар Татјана Адамоска -Конеска од Прилеп

47. Понуда од нотар Татјана Адамоска Конеска за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.59329 за КО Прилеп на КП 12527/3, викано место К.Тито, Имотен лист бр.40903 за КО Прилеп на КП 12526/1, викано место бул.М.Тито и со Имотен лист бр. 36100 за КО Прилеп, на КП 12526/1, викано место бул.М.Тито

48. Понуда од нотар Ана Јолакоска за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.2585 за КО Јурумлери на КП 146, дел 2, викано место Дунек

49. Понуда за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.11437 за КО Маџари на КП 2318, доставена од нотар Ана Јолакоска од Скопје

50. Понудата за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.13043 за КО Прилеп на КП 5173, доставена од нотар Дано Рошкоски од Прилеп

51. Понудата од нотар Драган Иванов од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.67255 за КО Маџари на КП 1982 дел 17 и КП 2853 дел 20, викано место Утрина

52. Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.6485 за КО Ѓорче Петров 5 – Лепенец на КП 1312 викано место/улица Шарпланинска

53. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.3951 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП 4783, викано место-улица „Мијачка“ 5А

54. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.84135 за КО Ѓорче Петров 5 Лепенец на КП 1435/2

55. Понуда од нотар Драган Георгиев од Куманово за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.4204 и Имотен лист бр.4203 за КО Куманово на КП 16940

56. Понуда од нотар Иво Серафимоски од Тетово за продажба на идеален дел од недвижен имот, со Имотен лист бр.102351 и Имотен лист бр.24732 за КО Тетово 1, КП 1244, на адреса ул. „М.Исеива“ бр. 9 Тетово

57. Понуда од нотар Ленче Каранфиловска од Штип за продажба на 2688/4222 идеален дел од недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.11003 за КО Караорман

58. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, за продажба на 263/270 идеален дел од недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.11149 за КО Сингелиќ 1 на КП 3429 и КП 504

**д) други предлози**

59. Кадровски прашања

60. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

61. Информација за реализација на проектот „Формирање и поддршка на земјоделски задруги“

62. Информација за „Комерцијализација на лабораториите за потребите на бизнис секторот“

63. Информација за потребата од Ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство од 2011 година (Истанбулска конвенција)

64. Информација за воведување програма за лична асистенција на лица со телесна попреченост

65. Извештај за работата на Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали во 2016 година, како и имплементацијата на Националниот акциски план за спроведување на Резолуцијата 1540 на Советот за безбедност на ОН за периодот 2014-2017 година

66. Информација за имплементација на Акцискиот план за периодот 1 јануари – 31 декември 2017 година, за прием на барања и издавање пасоши преку дипломатско – конзуларните претставништва на Република Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, Бон, Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана, прогрес за периодот 1 јануари - 15 јуни 2017 година, со прилози

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

67. Информација за потпишување Билатерален договор помеѓу Република Македонија и Европска Унија за кофинансирање на големиот проект за „Изградба на експресен пат на делница клучка Дреново-Градско, како дел од крак X-d на патниот Коридор X“, кој преставува дел од повеќегодишната Секторска оперативна програма за транспорт (СОПТ) 2014-2020 на Република Македонија за програмскиот период 2014-2016 во рамките на Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II), со усогласен текст на Билатерален договор

68. Предлог - одлука за давање право на трајно користење градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Јавното претпријатие за државни патишта

69. Известување од Министерството за финансии за подготвување (доставување) на Предлог-буџетска пресметка за 2018 година, со Табеларен преглед на недоставени циркулари од институции

70. Барање на Хассан Авадат Салем Авадат, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

71. Барање на Салем Аведат Салем, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

*

*     *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**
  - Информација за статус на реализација на План 3-6-9

Владата ја разгледа Информацијата за статус на реализација на План 3-6-9 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат институциите носители на мерките во Планот 3-6-9 да доставуваат статус на реализација на мерките од Планот 3-6-9 (Прилог 1) до Секретаријатот за европски прашања, секоја недела, најдоцна до четврток во тековната недела.

2. Се задолжуваат надлежните институции да дефинираат и доставаат предлог мерки и динамика за нивната реализација за приоритетите од Планот 3-6-9 (Прилог 2) до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 31.8.2017 година.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања и Секретаријатот за европски прашања, во координација со надлежните институции, да го доставаат Планот 3-6-9 (Прилог 2) до Министерската работна група, најдоцна до 12.9.2017 година, по што истиот би се презентирал на наредната седница на Владата.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Согласно мерката 1.1.7. од Планот 3-6-9, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија за наредната седница на Владата да дефинира содржина на допис и опсег на институции до кои треба да се достави истиот, за преземање мерки со кои ќе ги спречи учесниците и кандидатите за време на изборниот период да користат државни ресурси (користење нслужбени возила, репрезентација, службен канцелариски простор и административни капацитети).

2. Согласно мерката 6.1.2. од Планот 3-6-9, која се однесува на стопирање со владините реклами на комерцијалните радиодифузери и печатени медиуми (со исклучок на социјалните медиуми) и пренесување на комуникацијата со граѓаните преку јавниот радиодифузен сервис, се задолжуваат сите органи на државната управа, се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа и се препорачува на единиците на локалната самоуправа, да престанат да емитуваат/рекламираат кампањи/спотови на платен простор во електронски комерцијални радиодифузери – телевизии и радија, дневни и неделни весници, билборди, интернет портали и сл. (со исклучок на социјалните медиуми), согласно усвоената мерка од Планот 3-6-9.

3. Согласно мерката 7.1.1. од Планот 3-6-9, на наредната затворена седница да се разгледа ова прашање.

4. Согласно мерката 11.1.3. од Планот 3-6-9, која се однесува на  формирање специјална единица (task force) за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти, составена од претставници од Основно јавно обвинителство за борба против организиран криминал и корупција и Министерството за внатрешни работи, со рок на реализација до крајот на септември 2017 година, се задолжува Министерството за внатрешни работи да преземе мерки за реализација на оваа мерка до средината на септември 2017 година.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**
  - Информација за можностите за барање итна помош за справување и санирање на штетите од пожарите во август 2017 година

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за можностите за барање итна помош за справување и санирање на штетите од пожарите во август 2017 година.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**
  - Информација за поднесување дополнителна Апликација за техничка помош за проектот „Изработка на техничка документација на ниво на Инфраструктурен проект и Основен проект за автопатско решение за државен пат А4, делница клучка Стенковец – Граничен премин Блаце“, во рамки на Осумнаесеттиот отворен повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF)

Владата ја разгледа Информацијата за поднесување дополнителна Апликација за техничка помош за проектот „Изработка на техничка документација на ниво на Инфраструктурен проект и Основен проект за автопатско решение за државен пат А4, делница клучка Стенковец – Граничен премин Блаце, во рамки на Осумнаесеттиот отворен повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF) и притоа заклучи:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во соработка со Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави информација за избор на модел за финансирање на Проектот за изградба на државен пат А4, делница клучка Стенковец – Граничен премин Блаце“ која да се разгледа на првата наредна седница на Владата.

2. Се задолжуваат д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања и д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да одржат координативен состанок и потоа да подготват и за наредната седница на Владата да доставаат информација со соодветни предлози во врска со изградбата на државен пат А4, делница клучка Стенковец – Граничен премин Блаце.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**
  - Информација за искористеност на ИПА

Владата ја разгледа Информацијата за искористеност на ИПА и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Државниот завод за ревизија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи да ги почитуваат поставените рокови во плановите за набавки и финансиските планови за исплати, како и навремено да ги преземат сите потребни активности, со цел да не се зголеми ризикот за губење средства.

2. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука да доставаат информација до Министерството за финансии за можни ризици поврзани со нивните проекти, коишто може да влијаат врз одложување на планираните исплати во 2018 година, во рок од 30 дена од донесувањето на овој заклучок.

3. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање да постапат по препораките дадени во Табела 6 од Прилог 1 од оваа информација за секој од ризичните проекти наведени во оваа табела и да ја известат Владата за статусот на портфолиото на своите проекти од Оперативната програма за регионален развој 2007-2013, не подоцна од 30 септември 2017 година.

4. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука да постапат по препораките дадени во Табела 9 од Прилог 1 од оваа информација за секој од ризичните проекти наведени во оваа табела и да ја известат Владата за

статусот на портфолиото на своите проекти од Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013, не подоцна од 30 септември 2017 година.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви информација за статусот на големиот проект „Изградба на пречистителна станица во Прилеп", со предлог одлука за понатамошните чекори кои треба да се преземат во врска со овој проект во рок од 15 дена од донесувањето на овој заклучок.

6. Се задолжуваат Министерството за правда, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за локална самоуправа, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за информатичко општество и администрација да ги ревидираат податоците за составот на секторските работни групи, согласно фактичката состојба и да ги достават до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30 август 2017 година.

7. Се задолжува Министерството за финансии да ги подготви програмските документи за ИПА 2018 година за подсекторот Управување со јавни финансии, најдоцна до крајот на ноември 2017 година.

8. Се задолжува Министерството за локална самоуправа редовно во јавните гласила да ја информира јавноста за отворените повици за прекугранична соработка во наредните шест месеци.

9. Се задолжува Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање да постапат по коментарите на Делегација на Европската Унија за ревидирање на плановите за набавка за ИПА 2014-2020 и за истото да ги информираат Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии, најдоцна до 30 август 2017 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на Проектот за унапредување на системот на контрола на акцизни добра во малопродажба, како материјал за информирање.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Македонијапат" - Скопје, за период од 1.1 до 31.3.2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се одржи работен состанок помеѓу д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Македонија и Гајур Кадриу, директор на ЈП „Македонијапат“ – Скопје, со цел да се изнајде формално – правно решение за зголемување (дополнување), реализирање на активности на Програмата за работа на ова јавно претпријатие, со цел зголемување на интензитетот на одржување на регионалните и магистралните патишта во Република Македонија.

**Точка 3**

Владата по Барањето нафтени деривати без надомест од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог - одлука (нов текст), ја донесе Одлуката за отстапување нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие „Македонијапат“ – Скопје (500.000 литри Екстра лесно масло ЕЛ-1), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува ЈП „Македонијапат“ – Скопје, да ги плати трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати.

2. Се задолжува ЈП „Македонијапат“ – Скопје, да подготви и за наредната седница на Владата да достави информација за користењето на нафтени резерви и средства за различни потреби, согласно забелешките на Министерството за финансии (укажување од Ревизорскиот извештај за активности на Јавното претпријатие, односно дека е трошена нафта од нафтените резерви и трошени финансиски средства од ЈП за државни патишта за исти активности).

Притоа, оваа информација да се достави и до Министерството за финансии.

3. Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, да подготви и за наредната седница на Владата да достави информација за тековната состојба и нивото на резервите на нафта и нафтени деривати.

**Точка 4**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје во 2016 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје, во рок од три месеци да подготви и до Владата да достави стратегија за зголемување на капацитетите за финансирање на македонските компании, со поконкурентни цени и услуги, како и за подобрување на условите за осигурување на извозот на македонските производи.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“, „50% попуст за ученици и студенти“, „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“, „Средношколска среда“ и „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“, за јуни 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 6**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јули 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со локалитетите Лавци, Звегор - Стамер, Стар Истевник - Панчерево и Пискупштина и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Македонија“, во државна сопственост да ја преиспита оправданоста за понатамошни испитувања на локалитетите Лавци, Звегор - Стамер, Стар Истевник - Панчерево и за еден месец до Владата да достави информација за оправданоста на овие истражувања.

2. Се задолжува АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Македонија“, во државна сопственост во иднина да не ја известува Владата за локалитетот Пискупштина.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишен финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2016 до 31.12.2016 година, Завршна годишна сметка за 2016 година, со Ревизорски извештај, со предлог-одлуки (нов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Годишниот финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2016 до 31.12.2016 година, Завршна годишна сметка за 2016 година, со Ревизорски извештај.

2. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за покривање на загубата искажана со Годишната сметка за 2006 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за покривање на загубата искажана со Годишната сметка за 2007 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за покривање на загубата искажана со Годишната сметка за 2008 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

5. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за покривање на загубата искажана со Годишната сметка за 2009 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

6. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за покривање на загубата искажана со Годишната сметка за 2010 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

7. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за покривање на загубата искажана со Годишната сметка за 2011 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

8. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за покривање на загубата искажана со Годишната сметка за 2012 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

9. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за покривање на загубата искажана со Годишната сметка за 2013 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

10. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за покривање на загубата искажана со Годишната сметка за 2014 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

11. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за покривање на загубата искажана со Годишната сметка за 2015 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

12. Ја донесе Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за работата на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, за 2016 година, во предложениот текст.

13. Ја донесе Одлуката за распределба на остварената добивка од работењето на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за 2016 година, во предложениот текст.

14. Ја донесе Одлуката за покривање на искажаната загуба за 2006, 2007, 2008, 2009 и дел од 2010 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Централниот регистар на Република Македонија за 2016 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да му препорача на Централниот регистар на Република Македонија, согласно законските регулативи и прописи на Република Македонија да обезбеди пристап (достапност) до сите информации/податоци, со кои располага, за сите заинтересирани субјекти (сите јавни и приватни институции и граѓаните).

**Точка 10**

Владата ги разгледа Извештајот за извршена ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Централниот регистар на Република Македонија за 2016 година и Годишната сметка за 2016 година, како материјали за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Централниот регистар на Република Македонија да достави информација за одржливоста на финансиското работење за периодот од 1 септември 2017 година до 30 јуни 2018 година.

Исто така,  Владата заклучи во врска со остварената добивка за 2016 година на Централниот регистар на Република Македонија, која како законска обврска не била уплатена во Буџетот на Република Македонија (согласно донесена Одлука на Управниот одбор, а спроведена од поранешниот директор на Централниот регистар на Република Македонија), и истата е искористена за покривање обврски кон друг субјект, се препорачува на Централниот регистар на Република Македонија предметниот материјал да го достави на соодветните надлежни органи и институции, со цел проверка на законитоста на ваквата одлука и начинот на нејзино спроведување.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Контрола на здравствените установи од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со цел еднаков квалитет на здравствена услуга за секој граѓанин секаде во Македонија", со Акциски план (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за проектот „Контрола на здравствените установи од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со цел еднаков квалитет на здравствената услуга за секој граѓанин секаде во Македонија", за периодот јули - декември 2017 година.

2. Се препорачува на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во јануари 2018 година, до Владата да достави  информација за прогрес на проектот „Контрола на здравствените установи од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, со цел еднаков квалитет на здравствената услуга за секој граѓанин секаде во Македонија".

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата и барањето согласност авторското дело (резба) да биде подарено и поставено во просториите на ИКАО во Монтреал, поради потребата истата да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 14**

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (нов текст), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Оператор на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје, во предложениот текст.

(Истата ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" по завршувањето на постапката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република

Македонија во Катастарот на недвижности на предметниот линиски инфраструктурен објект - енергетска инфраструктура електричен вод (ЕИЕВ) ТС Дуброво - грчко - македонска граница).

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на преостанатите барања и иницијативи на посетените компании во рамки на проектот „Учиме од бизнис заедницата“ - сите пет циклуси на посети на компании, заклучно со 12.7.2017 година, со прилог кон Информацијата (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управата за семе и саден материјал во рок од 20 дена до Владата да достави предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, во насока законската обврска за правење на DUS – тестови да се одложи за три години. (Прилог: 1, Барање: 01)

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена до Владата да достави соодветна документација, со која ќе се воведе мерка за финансиска поддршка на компаниите кои учествуваат на меѓународни натпревари за вино од светско ниво во рамките на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година и да направи соодветни измени и дополнувања на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој за потребите за реализација на мерката. (Прилог: 1, Барање: 02)

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, врз основа на изработена анализа за извезен производ и трошоци за амбалажа, да ги разгледа можностите за проширување на досегашниот опфат на финансиска поддршка во рамки на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој во насока на кофинансирање на дел од трошоците за дефиниран тип на амбалажа за свежи градинарски производи во висина од 6 денари и амбалажа за бостан со 250 денари и за истото, во рок од 30 дена, да ја информира Владата. (Прилог: 1, Барање: 03)

4. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство за втората наредна седница на Владата да достави информација за можноста и активностите што треба да се преземат, во насока на воведување на 24/7 функционирање на инспекциските служби на сите гранични премини. (Прилог: 1, Барање: 04)

5. Се задолжува Министерството за здравство во соработка со Агенцијата за лекови и медицински помагала и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во рок од 60 дена до Владата да предложи измени на член 15, точка 37 и член 89 од Законот за здравствената заштита, со цел воведување нови услуги во аптеките, како што се мерење телесна тежина, тестирање бременост, мерење крвен притисок, мерење гликоза во крвта и мерење холестерол, а истите да не бидат на товар на Фондот. (Прилог: 1, Барање: 07)

6. Се задолжува Министерството за здравство во рок од 30 дена да ја информира Владата за прогресот на активностите во насока на реализација на проектот за електронското поврзување на аптеките и матичните лекари. (Прилог: 1, Барање: 08)

7. Се задолжува Министерството за здравство да ја разгледа Иницијативата за изменувања и дополнувања за Законот за здравствена заштита и на Програмата за едукација на лекари, во насока медицинската едукација да важи и за здравствени работници од приватните здравствени установи, а не само за здравствените работници од јавните здравствени установи и за истото да ја информира Владата, во рок од 30 дена. (Прилог: 1, Барање: 09)

8. Се задолжува Министерството за здравство да ја разгледа Иницијативата за проширување на квотите за специјализација во здравството, врз основа на претходно извршена анализа на состојбите и потребите во целото здравство и мрежата на здравствени установи и за истото во рок од 30 дена да ја информира Владата. (Прилог: 1, Барање: 10)

9. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Министерството за внатрешни работи да ја разгледа можноста за прифаќање на Иницијативата за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, во насока во истиот да се утврди основ за носење на ценовник со референтна цена за здравствени прегледи на кандидати за возачи и возачи на моторни возила, како и ценовник со референтна цена за курсна настава на кандидати за возачи за укажување прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода и за истото во рок од 30 дена да ја информира Владата. (Прилог: 1, Барање: 11)

10. Се задолжува Министерството за здравство да ја разгледа можноста за изменување на законските одредби од член 66 од Законот за хемикалии што се однесуваат на точно дефиниран стручен кадар од соодветна област кој треба да се вработи за да се добие одобрение за вршење промет на големо со хемикалии, во насока на тоа компаниите да можат да добијат одобрение со вработен кадар од која било област и за истото во рок од 30 дена да ја информира Владата. (Прилог: 1, Барање: 13)

11. Се задолжува Министерството за образование и наука во рок од 15 дена да го извести Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, дали во програмите на Министерството за 2017 година се планирани средства за претплата на Thomson Reuters. (Прилог: 1, Барање: 14)

12. Се задолжува Министерство за транспорт и врски, во соработка со Заедницата на единиците на локална самоуправа и Градот Скопје, во рок од 30 дена да ја информира Владата за можноста за изменување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, во насока на намалување на надоместокот за уредување на градежно земјиште и комуналии при изградбата на објекти за средно и основно образование, односно намалување на процентот кој го плаќа инвеститорот кон општината. (Прилог: 1, Барање: 15)

13. Се задолжува Министерство за правда, во рок од 60 дена да ја информира Владата за реализација на активностите на работната група со претставници од Врховниот суд на Република Македонија, од основните судови (за граѓанска и кривична материја), од Здружението на преведувачи, од Адвокатската комора на Република Македонија, од Комората на вештаци на Република Македонија и Бирото за судски вештачења, а која работи на реализација на предложените активности во рамки на Анализата за примената и можноста за ревидирање на Правилникот за надоместок на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопански престапи. (Прилог: 1, Барање: 16)

14. Се укажува на Регулаторната комисија за енергетика, во соработка со Министерство за економија, АД МЕПСО и АД ЕЛЕМ, во рок од 30 дена да ја информира Владата за процесот на реализација на активностите насочени кон унапредување на методологиите за пресметка на тарифите за пренос (АД МЕПСО), тарифите за дистрибуција во кругот на Железара (АД ЕЛЕМ Енергетика) и тарифа за обновливи извори (АД МЕПСО). (Прилог: 1, Барање: 18)

15. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена да го информира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во врска со реализацијата на активностите поврзани со издавање Решение за давање согласност за одобрување на Студијата за изведување на проектот, согласно Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за компанијата Стентон градба. (Прилог: 1, Барање: 20)

16. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со претставници од Машинскиот факултет и компанијата КГЛ Системс, да ја разгледа оправданоста и можните ризици од прифаќање на Иницијативата за изменување на Законот за возила и подзаконските акти, во насока да се додефинира терминот компетентна работилница или воведување лиценци со кои ќе се докажува компетентноста на компаниите кои можат да вршат надоградба на комерцијални и специјални возила, да направи компаративна анализа како е уредено ова прашање во земјите од регионот и пошироко и за истото да ја информира Владата, во рок од 30 дена. (Прилог: 1, Барање: 21)

17. Се задолжува Министерството за економија во рок од 30 дена до Владата да достави предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за возила, во кој е опфатена и иницијативата за постоење на Правилник за одобрување на опремата вградена во возилата наменети за превоз на лесно расипливи прехранбени производи во внатрешниот сообраќај. (Прилог: 1, Барање: 22)

18. Се задолжуваат Министерството за економија, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање, да ја разгледаат Иницијативата на организацијата на транспортери МАКАМТРАНС за ограничување на увозот на товарни возила за сите еуро стандарди, освен еуро 6 стандардот на возила, со исклучок на специјални возила за посебна намена, со цел да ги согледаат ризиците и предностите од ваквата иницијатива и за можноста за нејзино прифаќање да ја информира Владата, во рок од 30 дена. (Прилог: 1, Барање: 23)

19. Се задолжува Министерството за економија да ги разгледа иницијативите на компаниите за изменување на Законот за трговија, во насока да се продолжи времето за продажба на алкохол до 22 часот преку цела година и лиценцата за продажба на алкохол да се издава еднократно или истата да важи подолго од 2 години и за можноста и оправданоста за нивното прифаќање да ја информира Владата, во рок од 60 дена. (Прилог: 1, Барање: 24)

20. Се задолжува Министерството за економија, во рок од 30 дена, да го информира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, за работата на работна група со претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии, Заедницата на единиците на локална самоуправа и Градот Скопје, креирана со цел врз основа на позитивните искуства од земјите членки на Европската Унија, како Германија, Холандија и Естонија, да ја разгледа можноста и оправданоста за воведување субвенции при купување на возило на електричен погон или поврат на дел од средствата за лица кои ќе купат возило на електричен погон. (Прилог: 1, Барање: 26)

21. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од 15 дена, да го информира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори за активностите на работната група формирана со цел да ја разгледа иницијативата за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, во делот на потребната документација и давачките потребни за основање на микро и спин-оф компании. (Прилог: 1, Барање: 27)

22. Се задолжува Министерството за економија да ја разгледа можноста за утврдување на Македонскиот рубин – јувелирски камен како заштитена минерална суровина со географско потекло од Република Македонија и за истото да ја информира Владата, во рок од 30 дена. (Прилог: 1, Барање: 29)

23. Се задолжува Министерството за образование и наука во рок од 15 дена да го информира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, за преземените активности, во насока на воведување холандски и француски јазик во средното и високото образование од областа на туризмот како факултативен (изборен) предмет. (Прилог: 1, Барање: 30)

24. Се задолжува Министерството за финансии во рок од 15 дена да го информира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во врска со преземените активности по однос на анализата на примената на актуелната регулатива за финансиско работење и друга поврзана регулатива. (Прилог: 1, Барање: 32)

25. Се задолжува Министерството за економија, во соработка Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви анализа за ефектите од употреба на ефикасни системи за греење и ладење како инвертер топлински пумпи, клима уреди со следните тарифни ознаки: 8415 10 10 00, 8415 10 90 00, 8415 81 00 00, 8415 82 00 00 врз намалување на потрошувачката на електричната енергија и намалување на загадувањето на животната средина и врз основа на резултатите од анализата да ја оцени потребата од донесување стимулативни мерки како намалување или укинување на царинските стапки за увоз на овој вид на уреди и за истото во рок од 30 дена да ја информира Владата. (Прилог: 1, Барање: 33)

26. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи во рок од 15 дена да ја информира Владата за активностите на Работната група со претставници од Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за правда и Управата за финансиско разузнавање како и претставници на Групацијата на агенции за недвижности при Стопанската комора на Македонија и други засегнати страни, формирана со цел да го разгледа Предлог - законот за посредување промет со недвижности и соодветните предлог - подзаконски акти предложени од Групацијата на агенции за недвижности при Стопанската комора на Македонија и од Сојузот на стопански комори на Македонија. (Прилог: 1, Барање: 34)

27. Се задолжува Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, во рок од 15 дена да го информира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори за преземените активности по однос на инспекциска постапка поврзана со дооформување градежна парцела до угостителскиот објект - Астора во Гевгелија. (Прилог: 1, Барање: 36)

28. Се препорачува на Општина Аеродром во рок од 20 дена до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да достави информација за прогресот на активностите, во насока на продолжување на постапката за легализаиција на објектите по претходно доставена документација од страна на компаниите Раде Кончар заеднички дејности – Скопје, Алкалоид АД – Скопје, Жито Лукс – Скопје. (Прилог: 1, Барање: 42)

29. Се препорачува на Општина Гази Баба во рок од 30 дена до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да достави информација со прогрес за постапките за легализација на објекти на правните субјекти на локалитетот Индустриски комплекс Железара. (Прилог: 1, Барање: 43)

30. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Министерството за внатрешни работи во рок од 15 дена да го информира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во врска со преземените активности за воспоставување сообраќајно решение за приклучок на компанијата Вил Алфи Би Компани, на регионалниот пат Скопје-Куманово-Крива Паланка. (Прилог: 1, Барање: 45)

31. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Општина Могила, во рок од 15 дена да го информира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во врска со преземените активностите за водоснабдување на дел од пелагониското поле што се наоѓа на територијата на Општина Могила. (Прилог: 1, Барање: 46)

32. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, за статусот на реализација на преостанатите барања и иницијативи на посетените компании во рамки на проектот „Учиме од бизнис заедницата“- сите пет циклуси на посети на компании да ја информира Владата најдоцна до 25.2.2018 година.

**Точка 16**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за изменување на Протоколот 2 од Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција, со Анекс кон Протоколот и со усогласен текст на Одлука и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Одлуката бр. 1/2017 на Мешовитиот комитет утврдена со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија, од една страна и Република Турција, од друга страна, за изменување и дополнување на Протокол 2 на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија, од една страна и Република Турција, од друга страна во однос на дефинирањето на поимот „производи со потекло“ и методите на административна соработка.

2. Се определува министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, како ко-претседател на Мешовитиот комитет за спроведување на Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција, во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Одлуката бр. 1/2017 на Мешовитиот комитет утврдена со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија, од една страна и Република Турција, од друга страна, за изменување и дополнување на Протокол 2 на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија, од

една страна и Република Турција, од друга страна во однос на дефинирањето на поимот „производи со потекло“ и методите на административна соработка.

**Точка 17**

Владата на предлог на Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи го симна од Дневен ред Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлог - законот за ратификација на Договорот од Париз, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници, Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Теодора Обрадовиќ - Грнчаровска, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.
Истовремено, Владата заклучи Секторот за односи со јавноста на Владата на Република Македонија да ја информира јавноста за целите и придобивките од утврдувањето на овој закон, во насока на заложбите на Владата за здрава животна средина.

**Точка 19**

Владата го разгледа Предлог - законот за рестриктивни мерки, се запозна со содржината на истиот и заклучи да го задолжи Министерството за надворешни работи да го објави Предлог - законот за рестриктивни мерки на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија (ЕНЕР), со цел спроведување постапка за проценка на влијанието на регулативата (ПВР), согласно член 68-а од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија.

Предлог – законот за рестриктивни мерки повторно да се достави на разгледување во Владина постапка, после завршување на постапката за проценка на влијанието на регулативата.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за програмата и приоритетите на Естонското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија и ја усвои со следниве нови заклучоци:

1. Се задолжуваат министрите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за транспорт и врски, доколку добијат покана за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија да учествуваат на истите, а по одржувањето на состаноците, во рок од 15 дена за учеството да ги известат Владата, Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжуваат замениците на министрите или државните секретари во министерствата од предлог заклучокот број 1, во случај на спреченост на министрите да учествуваат на состаноците, да ги покриваат настаните и во рок од 15 дена за учеството да ги известат Владата, Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги координира подготовките за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изготвување национална стратегија за соработка со дијаспората 2018 – 2023 и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски и Агенцијата за иселеништво, во рок од 10 дена до Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми, да достават номинации на член и заменик – член за работната група за изготвување национална стратегија за соработка со дијаспората.

2. Се задолжува Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми, да формира работна група за изготвување национална стратегија за соработка со дијаспора во рок од пет дена од денот на добивањето на номинациите.

**Точка 22**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за формирање на Меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги (нов текст), во предложениот текст.

2. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за локална самоуправа, Министерството животна средина и просторно планирање, Министерството за надворешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии - Царинска управа и Агенцијата за млади и спорт, до Министерството за здравство во рок од седум дена да номинираат по еден претставник од својата институција за член на Меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги.

3. Се задолжува Министерството за здравство во рок од 14 (четиринаесет) дена по добивањето на номинациите до Владата да достави Предлог - решение за именување претседател и членови на Меѓуресорската државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за трансформација на ЈЗУ Здравствената станица Липково во ЈЗУ Здравствен дом Липково и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на ЈЗУ Здравствената станица Липково да ги преземе потребните активности за преземање/ вработување на потребниот кадар, со цел исполнување кадровски капацитети, кои се неопходни за трансформирање во Здравствен дом, односно за да продолжи да работи како Јавна здравствена установа – Здравствен дом, најдоцна до 31.5.2018 година.

2. Се укажува на ЈЗУ Здравствената станица Липково финансиските средства потребни за преземање/ вработување на потребниот кадар да ги обезбеди во рамките на сопствениот буџет.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено барање за одобрение за основање приватна установа за деца - Центар за ран детски развој ,,Среќно детство“ – Скопје, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за основање приватна установа за деца - Центар за ран детски развој „Среќно детство“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување Одлука за давање трајно користење недвижни ствари на Министерството за труд и социјална политика и Одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, со предлог-одлуки (најнов текст), ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање трајно користење недвижни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и

2. Одлуката за давање трајно користење недвижни ствари на Министерството за труд и социјална политика, во предложените текстови.

**Точка 27**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за давање право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Аеродром, поради потребата предлагачот да обезбеди поединечно мислење по материјалот од Државната комисија за спречување на корупција.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање трајно користење движни ствари на Општина Прилеп (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање трајно користење движни ствари на Казнено поправна установа Затвор - Прилеп (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање трајно користење движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид во академската 2017/2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитетот во Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во академската 2017/2018 година, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го разгледа Предлог- финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2017 година и Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење енергетски дејности и годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давање водни услуги за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2017 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 34 став (2) од Законот за енергетика е утврдено дека Регулаторната комисија за енергетика секоја година најдоцна до 1 октомври до Собранието на Република Македонија поднесува за усвојување предлог – финансиски план на Регулаторна комисија за енергетика за следната календарска година. Согласно став (3) од овој член Собранието на Република Македонија го усвојува предлог – финансискиот план и со одлука го утврдува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носители на лиценци. Доколку во една календарска година остварените приходи на Регулаторната комисија за енергетика се поголеми од реализираните расходи, за износот на разликата ќе се намалат планираните приходи во следниот

предлог финансиски план. Процентот на зафаќање на вкупниот приход не може да биде повисок од 0,1%.

Согласно член 8 став (1) од Законот за утврдување на цени на водни услуги е утврдено дека работењето на Регулаторна комисија за утврдување на тарифите за водните услуги ќе се финансира од наплата на 1) посебен годишен надоместок кој го плаќаат давателите утврден како процент на зафаќање од годишниот приход на давателите остварен од давањето на водни услуги и од 2) надоместоци од постапката за утврдување тарифи за водни услуги, односно регулаторна тарифа за водни услуги.

Во ставот (2) од овој член е утврдено дека процентот на зафаќање од годишниот приход на давателите од ставот (1) точка 1 од овој член го утврдува Собранието на Република Македонија со одлука, при што процентот не може да биде повисок од 0,1%.

Во Предлог – финансискиот план се содржани сите планирани приходи и трошоци на Регулаторната комисија за енергетика, вклучувајќи ги и платите на членовите и на вработените на Регулаторната комисија за енергетика, како и надоместоците на членовите на Комисијата за жалби и нивните заменици.

Со финансискиот план за 2017 година, приходите на Регулаторната комисија за енергетика се планирани во вкупен износ од 75.130.320 денари и истите во однос на планираните приходи за 2016 година се намалени за 8,26% односно за 56,5% помалку во однос на приходите кои се планира да се остварат до крајот на 2016 година. Во структурата на приходите доминантни се приходите од надоместок од носители на лиценци кои вршат енергетска дејност и од давателите на водни услуги (со 96,9%) кои се планирани на ниво од 72.850.320 денари и истите во однос на 2016 година се намалени за 0,34%.

Расходите на Регулаторната комисија за енергетика за 2017 година планирани се во рамки на утврдените приходи. Зголемените расходи за 2017 година, согласно образложението на Регулаторната комисија за енергетика, првенствено се поврзани со услугите за заедничко одржување на новата административна зграда, зголемените трошоци за телекомуникациски услуги и дневници за службени патувања како резултат на новите 4 вработувања и предвидените 2 нови члена на Комисијата, зголемени трошоци за осигурување по основ на новите деловни простории, зголемени трошоци за ревизорски услуги и набавка на ново моторно возило.

Цениме дека непродуктивните расходи по основ на дневници за службени патувања, авторски хонорари, договори на дело, консултантски услуги, набавка на ново возило, трошоци за репрезентација и слично, треба да се предвидат на пониско ниво.

Во однос на планираните четири нови вработувања се укажува дека треба да се земе предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите етнички заедници.

Со цел покривање на планираните расходи за 2017 година, предложено е процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење енергетски дејности и од годишниот приход на давателите на водни услуги да изнесува 0,0504% (во 2016 година истиот изнесува 0,052%).

По однос на доставената Предлог – одлука се укажува дека ќе треба да се преоцени предлагањето на утврдувањето на идентичен процент на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење енергетски дејности со процентот на годишниот приход на давателите на водни услуги остварени од давањето на водните услуги.

**Точка 35**

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 9 став 1, алинеја 1 од Законот за јавните набавки, поднесено од градоналначаникот на Општина Куманово и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 9 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2015, 78/2015, 192/2015, 27/2016 и 120/2016), одредбите на овој закон не се применуваат на договорите за јавни набавки за кои се обезбедени средства од меѓународни организации (донатори и заемодавачи) или од трети земји, доколку од нивна страна се пропишани посебни услови за доделување на договори за јавни набавки.

Од горенаведениот член, произлегува дека доколку донаторите или заемодавачите имаат пропишано посебни услови за набавка во договорот за донација или договорот за донација содржи референца за користење одредени правила за набавка на донаторот или заемодавачот, договорниот орган може да го искористи исклучокот од примена на Законот за јавните набавки, пропишан во член 9 став 1 алинеја 1 од Законот и набавката да ја спроведува согласно со правилата на донаторот или заемодавачот. Меѓутоа, доколку донаторите или заемодавачите не упатуваат на посебни правила за начинот на трошење на средствата, во тој случај договорите за јавни набавки за чие реализирање се обезбедени средства од донатори и заемодавачи договорниот орган ги доделува со спроведување на некоја од постапките пропишани со законот.

Исто така, треба да се има предвид одредбата од член 5 став 1 алинеја 3 од Законот, според кој истиот се применува при доделување договори од страна на други субјекти, кога договорот е директно финансиран или субвенциониран со повеќе од 50% од страна на договорен орган.

По однос на оние договори за јавна набавка кои се финансираат комбинирано, со средства од странство и средства од договорниот орган, треба да се има предвид членот 5 од Законот, кој го уредува неговиот опфат. Во комбинација со членот 9 став 1, може да се заклучи дека во случај договорниот орган да учествува во финансирањето на тој договор со повеќе од 50%, тој има обврска да го применува Законот за јавните набавки за севкупниот договор, без оглед на правилата на меѓународниот донатор или заемодавач.

Сепак, доколку станува збор за средства добиени од меѓународен договор кој е ратификуван од Собранието на Република Македонија, договорниот орган треба да ги има предвид и одредбите од тој договор при спроведување на постапките за доделување на договорите за јавни набавки.

Притоа, дали може да се изземе од примена Законот за јавни набавки согласно договорот за заем потпишан меѓу Меѓународната банка за обнова и развој и Република Македонија, треба да биде утврдено од страна на Општина Куманово, согласно со мислењето на Бирото за јавни набавки, а Собранието на Република Македонија не треба да навлегува во конкретното прашање преку давање автентично толкување.

**Точка 36**

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на членот 42-а став 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 и 150/2010), поднесено од пратеникот Соња Мираковска и притоа го утврди следново мислење:

Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 и 150/2010) е донесен во 2006-тата година, во услови кога постоеше едностепено управно судство, а спорната одредба на членот 42-а, е внесена во 2010-тата година, кога се воведе системот на двостепеност во оваа сфера со креирањето на Вишиот управен суд, при што се наметнала потребата за уредување на застапувањето на органите во постапката по жалба пред Вишиот управен суд.

Притоа со спорната одредба се утврдува дека:
„Против одлуките на Управниот суд странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на одлуката преку Управниот суд до Вишиот управен суд.

Против одлука на Управниот суд, органот чиј акт бил предмет на управниот спор може да поднесе жалба преку Државниот правобранител на Република Македонија.
Вишиот управен суд одлучува по жалба во совет од тројца судии.“.

Ставот 2 од спорниот член ја утврдува обврската на органот чиј акт бил предмет на управниот спор жалбата да ја поднесува преку Државниот правобранител на Република Македонија.

Притоа член 3 од Законот уредува дека:
„Право да поведе управен спор има физичко или правно лице, ако смета дека со управниот акт му е повредено некое право или непосреден интерес заснован врз закон.

Државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво, населба и слично или група лица, иако немаат својство на правно лице, можат да поведат управен спор ако можат да бидат носители на правата и обврските за кои се решавало во управната постапка.

Кога орган на општините и градот Скопје, или на организација решава во прв степен во управна работа од изворна и делегирана надлежност, а по жалбата против таквиот акт решавал надлежен орган определен со закон, управен спор против второстепениот акт може да поведе и општината и градот Скопје, односно организацијата чијшто орган решавал во прв степен, ако смета дека со второстепениот акт е повредено правото на локалната самоуправа, односно правото на управување.

Управен спор може да поведе Државниот правобранител на Република Македонија, кога со управен акт или со управен договор се повредени законот или јавниот интерес, односно институцијата што ја застапува според закон.“.

Имајќи ја предвид одредбата на ставот 3 од членот 3 сосем е јасно дека Државното правобранителство ги застапува органите или институциите само доколку тоа е утврдено со закон.

Притоа Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2007) во членот 2 јасно определува дека:
„Државното правобранителство на Република Македонија е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и врши други работи утврдени со овој и друг закон.“.

Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија постапувајќи по барање за автентично толкување на истоветната одредба со извештај бр. 10-2254 /12 од 7 јуни 2013 година веќе се произнела дека: „Државното правобранителство на Република Македонија е надлежен да постапува само по однос на имотните права и интереси на Република Македонија, и

на државните органи кои се утврдени согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа“.

Со оглед на изнесеното, а имајќи ги предвид:

1) одредбите на член 5 од на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011) кој утврдува дека: „Органите на државната управа, можат да се основаат како министерства, други органи на државната управа и управни организации“ и

2) одредбите на член 101 и 105 од Законот за Нотаријат („Службен весник на Република Македонија” број 55/2007,86/2008, 139/2009 и 135/2011) дека: „Нотарите на територијата на Република Македонија се организираат во Нотарска комора на Република Македонија, која има својство на правно лице со седиштето во Скопје и дека Претседателот на Комората ја претставува и застапува Комората“, како сосем неспорно се наметнува толкувањето дека Државното правобранителство не е овластено да ја застапува Нотарската комора на Република Македонија, со оглед на тоа таа не е орган на кој упатува Законот за организација и работа на органите на државната управа.

**Точка 37**

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 27, став 5 и 6 и член 28, став 1 од Изборниот законик, поднесено од пратеникот Африм Гаши и притоа го утврди следното мислење:

Согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија член 175 и 176 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2013) барање за давање автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и на градот Скопје и советите на општините и на градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење.

Барањето за давање автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието на Република Македонија и содржи назив на Законот, одредбите на кои се бара толкување и причините за тоа.

Во членот 27 од Изборниот законик е уредено изборот на составот на Државната изборна комисија, а во член 28 од истиот Законик е уредено престанок на функцијата во Државната изборна комисија, пред истек на мандатот.

Согласно член 68, став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, надлежен орган за давање автентично толкување на закони е Собранието на Република Македонија.

Во таа насока е и практичната примена на горенаведените одредби од Изборниот законик.

Согласно ова, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не дава автентично толкување на овие одредби од Изборниот законик, бидејќи истите се јасни и прецизни.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Иницијативата за оценување на уставноста на член 84-а став 6 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015 и 30/2016), поднесена до Уставниот суд на Република Македонија, од Игорчо Точев од Кочани и притоа го утврди следното мислење:

Со член 34 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Со член 35 став 1 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно начелото на социјална праведност. Со ставот 2 на оваа одредба се гарантира правото на помош на немоќните и на неспособните граѓани за работа. Со ставот 3 Република Македонија ја презема обврската за обезбедување на посебна заштита на инвалидните лица и обезбедување на нивно вклучување во општествениот живот.

Овие уставни определби се основа за уредување на системот и организацијата на социјалната заштита, правата од социјалната заштита, финансирањето и постапката на остварување на правата од социјалната заштита во Законот за социјалната заштита.

Во оваа насока, со членот 2 став 1 од Законот за социјалната заштита, социјалната заштита се дефинира како систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Оваа одредба во ставот 2 утврдува дека под социјален ризик во смисла на овој закон, се подразбираат: ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност); ризици на старост и стареење; ризици на еднородителско семејство; ризици од невработеност, губење приход за издржување по основа на работа и слично; ризици од сиромаштија и ризици од друг вид на социјална исклученост.

Социјалната праведност во системот на социјалната заштита се остварува преку преземање мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост за најзагрозените и најсиромашните категории на граѓани, при што се утврдени условите за остварување и користење на правата од социјалната заштита. На овој начин се овозможува граѓаните да имаат право на социјална заштита согласно со закон и начелото на социјална праведност, при што се овозможува владеење на правото и не се ограничуваат слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Согласно член 181 став 1 од Законот за социјалната заштита по барањето за остварување на правото на додаток на слепило и мобилност во прв степен одлучува центарот за социјална работа надлежен за подрачјето на кое подносителот на барањето има живеалиште или престојувалиште, врз основа на конзилијарно мислење и наод од најмалку тројца лекари специјалисти од соодветните специјалности од терцијарната здравствена установа (Универзитетски клиники во Скопје), согласно членот 84-1 став 5 од Законот за социјална заштита.

Според член 181 став 2 од Законот, по жалбата против решението на центарот решава Министерството за труд и социјална политика. Во постапката по жалба против наодот и мислењето на првостепената комисија за остварување право на мобилност и слепило, наод и мислење дава второстепена комисија, согласно со ставот 5 од членот 84-а од овој закон.

Со оглед дека согласно член 84-а став 6 од Законот, во постапката по жалба против решението на центарот, одлучуваат тројца лекари специјалисти од соодветните специјалности од терцијарна здравствена установа (Универзитетски клиники во Скопје) кои не го донеле конзилијарното мислење во прв степен, Министерството за труд и социјална политика согласно член 181 став 2 од Законот, решението по однос на жалбата на решението коешто е донесено од страна на Центарот за социјална работа, го носи врз основа на дадениот наод и мислење на гореспоменатата комисија од лекари-специјалисти.

Следствено на наведеното, неоснована е констатацијата на подносителот на иницијативата дека со оспорената одредба на ставот 6 на член 84-а од Законот, се утврдува надлежност на комисијата составена од тројца лекари специјалисти од соодветните специјалности од терцијарна здравствена установа (Универзитетски клиники во Скопје) кои не го донеле конзилијарното мислење во прв степен, да одлучува како орган за прашања кои се во исклучителна надлежност на Министерството за труд и социјална политика.

По однос на оваа одредба од Законот за социјалната заштита, Министерството за труд и социјална политика подготви Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, со кој пропис во членот 6 е предвидено дека престанува да важи условот со кој правото на додаток за слепило и правото на додаток за мобилност може да оствари лице чиј годишен нето приход по сите основи изнесува најмногу до вкупниот годишен износ на просечни нето месечни плати исплатени за секој месец за претходната година. Текстот на Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, Владата на Република Македонија како овластен предлагач го достави со Собранието на Република Македонија за донесување.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, се смета дека со член 84-а став 6 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015 и 30/2016) не се нарушуваат одредбите од Уставот на Република Македонија, туку со законски уредената материја се обезбедува владеење на правото и правната држава, како и почитување на хуманизмот, социјалната правда и солидарност во остварувањето на правото на социјална заштита.

Од тие причини, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за оцена на уставноста под У.бр.55/17 од 4.7.2017 година.

**<u>Точка 39</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.62/2017, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 20 став 2 во делот: „за претседател и член на спогодбениот совет може да биде именувано лице со завршено високо образование од правна или економска струка“ од Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2014) и притоа го утврди следново мислење:

Наводите во Иницијативата од подносителот Игорчо Точев од Кочани поднесена до Уставниот суд на Република Македонија со која се бара поведување постапка за оценување на уставноста на член 20 став 2: „Претседателот и членовите на спогодбениот совет ги именува министерот за економија. За претседател и член на спогодбениот совет може да биде именувано лице со

завршено високо образование од правна или економска струка“ од Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2014), каде утврдува дека оспорениот дел од одредбата од горенаведениот член и став, не пропишува други услови за тоа кој може да биде именуван за претседател и член на спогодбениот совет, освен тоа да биде „лице со завршено високо образование од правна или економска струка“.

Во наведениот член „За претседател и член на спогодбениот совет може да биде именувано лице со завршено високо образование од правна или економска струка“, од причини што обемот и содржината на активностите коишто треба да ги спроведуваат претседателот и членовите на спогодбениот совет, потребно е истите да го имаат тој вид на образование.

Истовремено, Иницијативата не елаборира од кој аспект оспорената одредба е во спротивност со одредбите на Уставот на Република Македонија, ниту од кој аспект е нејасна и е во колизија со некои други одредби од Уставот на Република Македонија и законите туку само упатува на тоа што во Законот не е регулирано.
Воедно, ве известуваме дека во моментот се прави анализа на состојбите во однос на примената на самиот Закон, при што истиот ќе претрпи соодветни измени и дополнувања.

Имајќи ги предвид наводите од Иницијативата, како и одредбата на член 15 став 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, произлегува дека во предметната Иницијатива за поведување постапка недостасува еден од битните елементи за да може да биде разгледана од страна на Уставниот суд, односно не постои јасно наведување на норма од Законот која по својата содржина би била во спротивност на претходно наведените уставни одредби ниту пак причините за нејзино оспорување се недвосмислени утврдени туку само интенција да се докаже дека одредена материја не е според подносителот на Иницијативата соодветно законски уредена.

Врз основа на претходно наведеното се смета дека предметната Иницијатива нема правна основа за утврдување оценка на уставноста ниту е формално конципирана, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли истата како правно неоснована.

**<u>Точка 40</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на: Заклучоците изнесени под точката 35 од Записникот, донесени од Владата на Република Македонија на 142-та седница одржана на 24.6.2013 година и Одлуката број 02-522/3, донесена од Управниот одбор на Јавната установа Национален парк - Галичица на 2.9.2013 година, поднесена од Еколошкото здружение на граѓани „Фронт 21/42“ од Скопје.

**<u>Точка 41</u>**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска за Заклучок за втора усна јавна продажба, под И бр.20/17 и по Известувањето, го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 42</u>**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Крум Коцарев за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) и Заклучокот за определување проценител кој

ќе врши процена на недвижност (врз основа на член 176 став (1) од Законот за извршување) под И бр.1093/14 и по Известувањето, го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Насер Зибери за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.12388 за КО Сарај на КП 10396, викано место/улица „Сарај“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 44**

Владата го разгледа Известувањето од нотар Иљхам Исмани за договор за размена на недвижен имот на кој сопственик е Република Македонија, со Имотен лист бр.1764 и Имотен лист бр.1631 за КО Инџиково на КП 316 и по Известувањето, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.6873 за КО Драчево 2 на КП 2734, место викано Локва, од нотар Ирфан Тахири од Скопје и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.42213 за КО Прилеп на КП 17945, место викано Б.Талески, од нотар Татјана Адамоска Конеска од Прилеп и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Адамоска Конеска за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.59329 за КО Прилеп на КП 12527/3, викано место К.Тито, Имотен лист бр.40903 за КО Прилеп на КП 12526/1, викано место бул.М.Тито и со Имотен лист бр. 36100 за КО Прилеп, на КП 12526/1, викано место бул.М.Тито и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.2585 за КО Јурумлери на КП 146, дел 2, викано место Дунек и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.11437 за КО Маџари на КП 2318, доставена од нотар Ана Јолакоска од Скопје и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.13043 за КО Прилеп на КП 5173, доставена од нотар Дано Рошкоски од Прилеп и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Драган Иванов од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.67255 за КО Маџари на КП 1982 дел 17 и КП 2853 дел 20, викано место Утрина и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.6485 за КО Ѓорче Петров 5 – Лепенец на КП 1312 викано место/улица Шарпланинска и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.3951 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП 4783, викано место-улица „Мијачка“ 5А и не ја прифати Понудата согласно мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.84135 за КО Ѓорче Петров 5 Лепенец на КП 1435/2 и не ја прифати Понудата согласно мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Драган Георгиев од Куманово за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.4204 и Имотен лист бр.4203 за КО Куманово на КП 16940 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Иво Серафимоски од Тетово за продажба на идеален дел од недвижен имот, со Имотен лист бр.102351 и Имотен лист бр.24732 за КО Тетово 1, КП 1244, на адреса ул. „М.Исеива“ бр. 9 Тетово и по Понудата, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ленче Каранфиловска од Штип, за продажба на 2688/4222 идеален дел од недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.11003 за КО Караорман и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, за продажба на 263/270 идеален дел од недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.11149 за КО Сингелиќ 1 на КП 3429 и КП 504 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 59**

**1.** Владата го именува Фатмир Буши за вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈП за државни патишта.

**2.** Владата го избра Садудин Ибрахими за вршител на должноста независен член на Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје.

**3.** Владата го избра Исуф Сефери за вршител на должноста независен член на Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (АД МЕПСО).

**4.** Владата заклучи барањата за утврдување право за остварување плата по престанување на функција (апанажа), на разрешените функционери од страна на Владата, пред да бидат доставени за разгледување на седница на Владата, претходно да бидат разгледани од Комисијата за именување.

**5.** Владата ја именува Тања Чачарова - Илиевска за претставник на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во АД Тутунски комбинат Прилеп и истовремено го разреши досегашниот претставник.

Владата го овласти претставникот во име на Владата, како акционер во АД Тутунски комбинат Прилеп, во својство на полномошник да присуствува на седници на Собрание на акционери на АД Тутунски комбинат Прилеп, каде што ќе учествува и ќе гласа во име на Владата на Република Македонија се до неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото овластување.

**6.** Владата, согласно член 41 од Законот за јавното обвинителство заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го огласи именувањето на јавен обвинител на Република Македонија.

**Точка 60**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба за превенција и справување со пожарите на подрачјата на општините Македонски Брод и Чашка, за периодот од 14.8.2017 до 20.8.2017 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање мигранти/бегалци низ територијата на Република Македонија за период од 14.8.2017 до 20.8.2017 година, и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**3.** По повод Годишниот извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија во 2016 година, Владата заклучи до Собранието на Република Македонија да се достави мислење утврдено на Дваесет и третата седница на Владата, одржана на 15.8.2017 година, врз основа на заедничкото мислење на Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација во врска со овој материјал

**4.** Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев ги информираше членовите на Владата дека, со цел да се даде придонес во севкупниот економски раст и одржлив развој во Република Македонија и канализирање на други идеи, покрај постојните работни тела на Владата кои функционираат, формираше и Совет за економски прашања и одржлив развој во состав:

- д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,
- д-р Фатмир Бесими, советник за економски прашања и за координација со економските ресори на претседателот на Владата на Република Македонија,
- д-р Ванчо Узунов, советник за економски прашања на претседателот на Владата на Република Македонија

и

- други повремени членови од економските ресори на Владата, а по потреба и членови од други ресори.

**5.** Се задолжуваат сите министерства да ја почитуваат постапката за проценка на влијанието на регулативата (ПВР), пропишана согласно член 68-а од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија и претходно да ги објавуваат предлог – законите на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија (ЕНЕР), пред истите да ги достават во Владина постапка.

**6.** По повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, во врска со доставувањето на материјалите кои произлегуваат од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија, Владата ги задолжи и им препорачува на сите институции носители на активности во Националниот план за усвојување на правото на Европската Унија - НПАА, усвоен на седницата на Владата од 25.7.2017 година, стриктно да го почитуваат член 68 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија и сите материјали поврзани со активностите содржани во НПАА, пред да ги доставаат во редовна владина постапка, да ги доставаат на официјално мислење во Секретаријатот за европски прашања.

**7.** Владата на предлог на д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, заклучи да се измени Заклучокот донесен на 23-та седница на Владата, одржана на 15.8.2017 година (точка 17, заклучоци бр. 1, 2 и 3), по Информацијата во врска со реализацијата на проектот „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Градот Скопје“ (статус: јуни 2017 година), односно заклучоците 1, 2 и 3, да се заменат со нов Заклучок 1 кој да гласи:

„1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање до крајот на август 2017 година, до Владата да достави иницијатива за задолжување за проектот „Пречистителна станица за отпадни води Скопје“.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Формирање и поддршка на земјоделски задруги“, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за „Комерцијализација на лабораториите за потребите на бизнис секторот“, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од Ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство од 2011 година (Истанбулска конвенција) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика оргиналниот текст на потпишаниот договор со предлогот за поведување постапка за ратификација и образложение да ги достави до Министерство за надворешни работи.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да подготви и до Владата да достави предлог - закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување програма за лична асистенција на лица со телесна попреченост, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи потребните средства за новата мерка Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за финансии да ги усогласат во процесот на подготовка на Предлог - буџетот за 2018 година.

**Точка 65**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали во 2016 година, како и имплементацијата на Националниот акциски план за спроведување на Резолуцијата 1540 на Советот за безбедност на ОН за периодот 2014-2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Акцискиот план за периодот 1 јануари – 31 декември 2017 година, за прием на барања и издавање пасоши преку дипломатско – конзуларните претставништва на Република Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, Бон, Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана, прогрес за периодот 1 јануари - 15 јуни 2017 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување Билатерален договор помеѓу Република Македонија и Европска Унија за кофинансирање на големиот проект за „Изградба на експресен пат на делница клучка Дреново-Градско, како дел од крак X-d на патниот Коридор X“, кој преставува дел од повеќегодишната Секторска оперативна програма за транспорт (СОПТ) 2014-2020 на Република Македонија за програмскиот период 2014-2016 во рамките на Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II), со усогласен текст на Билатерален договор и имајќи ги предвид усно изнесените позитивни мислења на Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Билатералниот договор помеѓу Република Македонија и Европската Унија во врска со ко-финансирањето на Големиот проект за „Изградба на експресен пат на делница клучка Дреново-Градско, како дел од крак X-d на патниот Коридор X“, кој преставува дел од повеќе годишната Секторска оперативна програма за транспорт (СОПТ) 2014-2020 на Република Македонија за програмскиот период 2014-2016 во рамките на Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II).

2. Се определува м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Билатералниот договор помеѓу Република Македонија и Европска Унија за кофинансирање на големиот проект за „Изградба на експресен пат на делница клучка Дреново-Градско, како дел од крак X-d на патниот Коридор X“ преку размена на писма.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за давање право на трајно користење градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок пред потпишување, текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 69**

Владата се информираше со Известувањето од Министерството за финансии за подготвување (доставување) на Предлог-буџетска пресметка за 2018 година, со Табеларен преглед на недоставени циркулари од институции.

Истовремено, Владата заклучи сите институции наведени во Табеларниот преглед, најдоцна до 23.8.2017 година (среда), до Министерството за финансии да ги доставаат своите буџетски побарувања.

**Точка 70**

Владата го разгледа Барањето на Хассан Авадат Салем Авадат, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 71**

Владата го разгледа Барањето на Салем Аведат Салем, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**